## 3.3. Надворешен долг[9]

*Во април 2003 година, надворешниот долг забележа месечно зголемување...*

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити во април 2003 година забележа месечно зголемување за 19,9 милиони САД долари и на 30.04.2003 година изнесуваше 1.560,5 милиони САД долари. Порастот се должи на поголемите повлекувања во однос на отплати во текот на април и позитивните курсни разлики.

*...при што од странските кредитори се повлечени 13,5 милиони САД долари...*

Повлекувањата по одобрени долгорочни кредити во текот на април 2003 година изнесуваат 13,5 милиони САД долари, што претставува најдинамично користење на веќе одобрени кредити од почетокот на годината. Притоа, од официјалните кредитори се повлечени 6,9 милиони САД долари, кои речиси во целост потекнуваат од билатералните кредитори. Од приватните кредитори повлечен е износ од 6,7 милиони САД долари, во најголем дел од банки и финансиски институции.

*...а кон странство се отплатени 8,8 милиони САД долари*

Вкупно отплатените обврски кон странство по користени долгорочни кредити во април 2003 година изнесуваат 8,8 милиони САД долари (19,5 милиони САД долари во март 2003 година). Врз основа на главница се платени 5,3 милиони САД долари, а 3,5 милиони САД долари врз основа на камата. Анализирано структурно по поединечни кредитори, 7,1 милион САД долари се платени обврски кон официјалните кредитори. Од нив, во рамки на билатералните кредитори, најголемиот дел се однесува на Парискиот Клуб на доверители за репрограмираниот долг од 1995 година (4,0 милиони САД долари). Кон приватните кредитори се отплатени 1,7 милиони САД долари.

Графикон 27
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




Во периодот јануари-април 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (76,0 милиони САД долари) го надминува износот на користени кредити (28,8 милиони САД долари).

Од аспект на новосклучени кредити, во април 2003 година е склучен новиот Stand-By аранжман со ММФ во износ од 27,7 милиони САД долари. Воедно, со приватните кредитори се склучени нови долгорочни кредити во износ од 2,3 милиони САД долари, главно со странски претпријатија.

---

[9] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.